Уп. бр. 08-84

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд. со регистрирано седиште на 10 Каланг Авењу, #12-14/18, Сингапур – 339510 и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед со регистрирано седиште на X-1, Комплекс Самрат, Саифабад, Хајдерабад, Телангана, Индија 500004, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 17.06.2024 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на две целосно функционални друштва за заеднички вложувања од страна на Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд. со регистрирано седиште на 10 Каланг Авењу, #12-14/18, Сингапур – 339510 и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед со регистрирано седиште на X-1, Комплекс Самрат, Саифабад, Хајдерабад, Телангана, Индија 500004, Индија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.05.2024 година, а дополнето на ден 14.05.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд. со регистрирано седиште на 10 Каланг Авењу, #12-14/18, Сингапур – 339510 и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед со регистрирано седиште на X-1, Комплекс Самрат, Саифабад, Хајдерабад, Телангана, Индија 500004, со која на Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд и БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед ќе создадат две целосно функционални друштва за заеднички вложувања.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- Хајнеман Азија Пацифик Пте. Лтд.** е 100% зависно друштво на Гебр. Хајнеман СЕ Ко. КГ („**ГХ**"), а регионалното седиште на ГХ Групацијата е во Азија-Пацифик регионот.

ГХ е фамилијарен бизнис со седиште во Хамбург кој преку ГХ Групацијата управува и снабдува дјути фри продавници/продавници од вредност при патување на аеродроми, поморски пристаништа и гранични премини ширум светот. ГХ Групацијата управува со 350 малопродажни места при патување на 73 меѓународни аеродроми врз основа на договори за концесија или закуп со оператори на аеродроми. ГХ продава на мало стоки при патување на патниците, особено во категориите парфеми, козметика, алкохол, тутунски производи, сувомесни стоки и кондиторски стоки.

ГХ има регистрирано присуство во Северна Македонија - ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр.5-2/22 Скопје. Друштвото управува со продавница на граница и приритетна дејност-трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.

ХХХ[1]

**-БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед** е друштво со седиште во Индија кое нуди глобални логистички услуги и административни услуги на синџир на снабдување. БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед обезбедува логистички услуги поврзани со производи без давачки и други индустрии.

БВЦ Форвардерс Прајвет Лимитед е контролирано зависно друштво кое припаѓа на ББМ Групацијата. ББМ Групацијата е деловен конгломерат со седиште во Андхра Прадеш, Индија. ББМ Групацијата е активна во агробизнисот, тутунот, малопродажба за патување, ИТ-паркови и складирање, природни камења и производство и извоз на чили.

ХХХ[2]

Подносителите на известувањето ќе формираат две целосно функционални друштва за заеднички вложувања:

ХХХ[3]

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите*

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

[2]

[3]

*Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**